ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА

# ЗАКОН ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

(Службен весник на Република Македонија бр. 62/04, 89/08, 115/10 и 53/11)

**(Неофицијален консолидиран текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршењето на угостителската дејност.

Член 2

Угостителска дејност е давање на угостителски услуги за сместување и угостителски услуги за исхрана.

Член 3

Угостителски услуги се: приготвување и послужување на храна, приготвување оброци заради консумирање на друго место, послужување на алкохолни и безалкохолни пијалоци, приготвување и послужување на топли и ладни напивки и вршење на услуги за сместување.

## II. ВРШИТЕЛИ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Член 4

Угостителска дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци запишани во трговскиот регистар (во натамошниот текст: угостители).

Физичките лица кои согласно одредбите на овој закон вршат угостителска дејност од мал обем се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот од став 2 на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 5

Одредбите од овој закон не се однесуваат и на давањето на услуги за исхрана и сместување во сопствени објекти на правните лица кои организираат исхрана и сместување за своите вработени, воспитно-образовни, воспитно-поправни, социјални, здравствени и други установи, како и во објектите за исхрана и сместување на органот на државната управа надлежен за работите од областа на одбраната и други единици на одбраната, објектите за исхрана и сместување на органот на државната управа надлежен за работите од областа за внатрешните работи и другите јавни административни установи.

Член 5-а

Правните и физичките лица од областа на угостителството со цел за унапредување на дејноста можат да се здружуваат во разни форми на здружување согласно со закон.

## III. УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

### 1. Услови за вршење на дејноста

Член 6

За вршење на угостителска дејност мора да бидат исполнети пропишаните минимално-технички услови.

Покрај условите од ставот 1 на овој член, мора да бидат исполнети и следните услови: објектот да може да се употребува, санитарно здравствени услови , условите за заштита при работа, заштитата и унапредување на животната средина, противпожарна заштита и условите за заштита од бучава пропишани со закон.

Угостителската дејност во угостителските објекти ноќен бар, кабаре, диско-клуб и диско-клуб на отворен простор, може да се врши доколку угостителот обезбеди и согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа за внатрешни работи дека се исполнети условите за заштита на јавниот ред и мир и безбедноста во сообраќајот.

Член 7

Угостителот е должен исполнувањето на условите од член 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа да го пријави на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект .

Угостителот е должен да ја пријави и промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од настанатите промени.

Министерот за економија ги пропишува формата и содржината на образецот на пријавата од ставот 1 и 2 на овој член.

Член 8

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на град Скопје води евиденција на угостителите кои отпочнуваат со работа на нивното подрачје.

Градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје го информира градоначалникот на градот Скопје за извршениот упис на физичките лица во регистарот во смисла на член 4 став 2 од овој закон, како и за пријавувањето на угостителите кои отпочнуваат со работа на нивното подрачје во смисла на ставот 1 од овој член.

Член 9

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува минимално-техничките услови на објектите за вршење на угостителската дејност, како и условите за категоризација за вршење на угостителската дејност.

Член 10

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ја пропишува формата и содржината на образецот за начинот на водење на евиденцијата од член 8 став 1 на овој закон.

## 2. Предмет и начин на работење на угостителите

Член 11

Угостителите ја вршат угостителската дејност согласно овој закон, како и со посебните узанси во угостителството и другите деловни обичаи во угостителството, и во зависност од видовите и начинот на пружање угостителски услуги во соодветни видови угостителски објекти.

Член 12

Угостителска дејност може да се врши во деловни објекти, или во простории во деловно станбени и станбено деловни објекти, уредени и опремени за давање угостителски услуги, доколку се исполнети условите за вршење угостителска дејност утврдени со овој закон.

Угостителската дејност може да се врши и во објекти, или простори, каде што се врши друга дејност, доколку се исполнети пропишаните услови за вршење угостителска дејност.

Угостителската дејност може да се врши и надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги, врз основа на одобрението издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје.

Угостителска дејност во угостителските објекти – ноќен бар, кабаре и диско-клуб не може да се врши во деловна просторија која се наоѓа во колективна станбена зграда.

Угостителски објекти за исхрана, во состав на угостителски објекти за сместување се оние објекти кои градежно и функционално припаѓаат на правни и физички лица регистрирани за вршење на угостителска дејност.

За вршење на угостителска дејност во објектите за исхрана мора да има вработено лице со најмалку средна стручна подготовка од областа на угостителството.

Член 15

Во угостителските објекти од затворен тип во воспитно-образовни, образовни, воспитно-поправни, социјални, здравствени и други установи определени од Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во објектите на јавната администрација, објекти за исхрана на вработените на правните лица не може да се послужува алкохол и алкохолни пијалоци.

## 3. Назив и видови на угостителски објекти

Член 16

Угостителските објекти можат да бидат:

1. угостителски објекти за сместување; и
2. угостителски објекти за исхрана.

Член 17

Називот на угостителскиот објект се определува според видот на угостителските услуги што претежно се даваат во тој објект.

Угостителските објекти според видот на угостителските услуги имаат назив согласно Националната класификација на дејностите.

Називот на видот на угостителскиот објект може да се измени, доколку се исполнети условите кои се пропишани за давање на други видови услуги во угостителскиот објект.

Член 18

Угостителските објекти за сместување се делат на:

1. основни угостителски објекти за сместување во кои спаѓаат хотели, хотелски населби, апартмански населби, мотели, пансиони, резиденции, туристички населби и слично и

2. комплементарни сместувачки објекти, во кои спаѓаат: ноќевалишта, гостилници, кампови, приватни сместувачки капацитети (соби, апартмани, станови, куќи), одморалишта (за деца, младинци, работници, лица со попреченост и сл.), други комплементарни објекти (феријални домови, планинарски домови и куќи, објекти за привремено сместување и сл.).

Член 19

Угостителските објекти за исхрана може да бидат:

1.ресторани (ресторани, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, кебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна и слично);

2. барови (кафеана, кафетерија, ноќен бар, кафе бар, кабаре, диско клуб, диско-клуб на отворен простор, пивница и слично);

3. кантини; и

4. други угостителски објекти за исхрана.

Во угостителските објекти од ставот 1 од овој член мора да има вработено лице со стручна подготовка од областа на угостителството.

Член 20

Угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, диско-клуб и диско-клуб на отворен простор се врши врз основа на лиценца

Хотелите со најмалку четири ѕвездички можат да ја вршат дејноста од ставот 1 на овој член без лиценца.

Лиценцата од ставот 1 на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата, како и начинот на издавањето и одземањето на лиценцата.

Член 21

За добивање на лиценцата од член 20 став 1 на овој закон угостителот е должен да поднесе барање за издавање на лиценца на образец за платен надоместок до Министерството за економија за давање услуги за:

- кабаре – во денарска противвредност од 2.500 до 5.000 ЕВРА;
- ноќен бар – во денарска противвредност од 5.000 до 7.000 ЕВРА и
- диско-клуб и диско-клуб на отворен простор – во денарска противвредност од 7.000 до 10.000 ЕВРА.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член ја определува советот на општината, а за градот Скопје, советот на градот Скопје.

Надоместокот од ставот 1 на овој член 50% се уплатува на сметка на општината, а во градот Скопје на сметката на градот Скопје, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Македонија во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 21-а

Против решението на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, со кое е одбиено барањето за издавање на лиценцата може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 21-б

Лиценцата за вршење на угосителската дејност во ноќен бар, кабаре, диско клуб и диско клуб на отворен простор се одзема со решение на министерот, во случаи кога носителот на лиценцата не ги исполнува условите утврдени согласно овој закон.

Против решенито од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 22

Лиценцата од член 20 од овој закон се издава во рок од петнаесет дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на вршителот на угостителската дејност и важи за период од една година.

Лиценцата не може да се пренесува.

Член 22-а

Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не донесе решение за издавање на лиценца, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценца во рокот од член 22 став 1 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, за донесување на решение по поднесеното барање.

Формата и содржината на барањето од член 22 став 1 од овој закон и ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Кон барањето од став 1 на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од член 22 став 1 на овој закон.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на министерот, да донесе решение со кое барањето од став 1 на овој член е уважено или одбиено. Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не донесе решение во рокот од став 4 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на прием на известувањето од ставот 5 на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето, и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи во рокот од став 7 од овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи и во дополнителниот рок од став 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од став 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа приговорот од став 10 на овој член, и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно ставовите 6 и 7 на овој член, и / или не поднесе пријава согласно ставовите 8 и 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно законот и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од став 11 од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Во случај на став 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите на став 13 од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена го информира подносителот на барањето.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно став 11 од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од три дена.

Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството не одлучи во рок од став 9 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

По објавувањето на подзаконските акти од став 2 на овој член во "Службен весник на Република Македонија" истите се објавуваат на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

## 4. Работно време на угостителските објекти

Член 23

Угостителот може да организира вршење на угостителска дејност во работно време, и тоа:

1) Угостителските објекти за сместување (хотели, мотели, пансиони, туристички населби, ноќевалишта, одморалишта и кампови) можат да работат од 00,00 до 24,00 часот, а угостителските објекти за исхрана кои се во состав на објектите за сместување по 24,00 часот можат да даваат само угостителски услуги за брза храна;

2) угостителските објекти за исхрана од членот 19 став 1 точка 1 од овој закон, кои претставуваат една градежна целина лоцирани на граничните премини, аеродроми и железнички станици можат да работат од 00,00 до 24,00 часот;

3) угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги може да работат од 07,00 до 24,00 часот;

4) угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари можат да работат од 07,00 до 01,00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 03,00 часот наредниот ден;

5) угостителски објект – ноќен бар и кабаре може да работат од 20,00 до 04,00 часот наредниот ден, во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари можат да работат од 20,00 до 05,00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 06,00 часот наредниот ден /

6) угостителски објект – диско-клуб и диско –клуб на отворен простор може да работи од 19,00 до 04,00 часот наредниот ден, , во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари можат да работат од 19,00 до 05,00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 06,00 часот наредниот ден /

По исклучок од одредбите на ставот 1 точка 2, 3 и 4 од овој член, угостителските објекти за брза храна (сендвичари) можат да работат до 01,00 часот ви зимскиот период, односно до 02,00 часот во летниот период, а во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови до 05,00 часот.

Советот на општината, односно Советот на Град Скопје, за одредени туристички, културни и друг вид манифестации, содржани во годишните програми, може да го продолжат работното време најмногу за два часа, за угостителските објекти од став 1 на овој член, но во времетраење најмногу до три дена.

Член 24

Угостителот самостојно го определува работното време на угостителскиот објект согласно член 23 од овој закон според своите деловни интереси, карактеристиките на подрачјето во кое се врши угостителска дејност и потребите на корисниците на услугите.

Член 25

Угостителот е должен часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време да го пријави на градоначалникот на општината, а во Градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на Градот Скопје, како и на Државниот инспекторат за труд во рок од осум дена пред денот на почетокот на вршењето на угостителската дејност и пред измената на часот и распоредот на работното време на угостителскиот објект.

Градоначалникот на општината, а во Градот Скопје, градоначалникот на општината на подрачјето на Градот Скопје водат евиденција за работното време на угостителските објекти што работат на подрачјето на нивната надлежност.

Во случај на објективни причини што бараат затварање на угостителскиот објект или измени на работното време на кои угостителот не може да влијае, угостителот може да го затвори угостителскиот објект, односно да го измени распоредот на работното време без да ја има исполнето обврската од ставот 1 на овој член. За тоа е должен да го извести градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на Град Скопје, како и Државниот инспекторат за труд во рок од пет дена од денот на настанувањето на причината.

Угостителот ја поднесува пријавата на образец за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на труд и социјална политика ги пропишува формата и

соджината на образецот за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Член 26

Угостителот е должен работното време да го истакне на влезот на објектот и на видно место во објектот.

Угостителот е должен да се придржува на работното време од членовите 23 и 25 на овој закон.

## 5. Категоризација на угостителски објекти

Член 27

Угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, пансион, туристички апартман и камп), како и угостителскиот објект за исхрана - ресторан, пред отпочнување со вршење на дејноста задолжително се категоризираат според условите и стандардите пропишани за одделни видови на овие објекти во поглед на уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите со ѕвездички.

Куќите, становите и собите за издавање од страна на физичките лица и селските домаќинства задолжително се категоризираат според условите предвидени во став 1 на овој член.

Член 28

Категоризацијата на угостителските објекти од член 27 став 1 ја вршат комисии за категоризација на угостителските објекти (во натамошниот текст: комисии) составени од пет члена, кои имаат заменици.

Комисиите од став 1 на овој член ги формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството од еден преставник на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа за труд и социјална политика, претставник од локалната самоуправа на чија територија се врши категоризацијата и претставник од угостителското стопанство.

Еден од членовите од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството во Комисиите од став 1 на овој член е и претседател на Комисијата.

За извршената категоризација Комисиите донесуваат решенија во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Против решенијата од ставот 4 на овој член може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 29

Решението од член 28 став 4 на овој закон се издава на барање на угостителот доставено до Комисијата за категоризација.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец кој содржи:

1. податоци од упис во трговскиот регистар;
2. фирма и адреса на угостителот;
3. вид, назив и седиште на угостителскиот објект;
4. услугите кои ќе бидат предмет на работење на угостителскиот објект;
5. известие – пријава за работа;
6. предлог на категорија на угостителскиот објект;
7. податоци и докази за раководителите и другите вработени.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува на два идентични обрасци со еден прилог на докази.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 2 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 30

Трошоците за категоризација на угостителскиот објект ги сноси угостителот.

Трошоците од став 1 на овој член ги определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 31

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството води регистер за категоризираните угостителски објекти.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на регистерот на категоризираните угостителски објекти.

Член 32

Угостителскиот објект од членот 27 на овој закон не може да отпочне со работа пред да го добие решението од член 28 од овој закон во кое е определена категоријата на угостителскиот објект од страна на Комисијата за категоризација.

На влезот во секој угостителски објект од член 27 на овој закон мора да биде на видно место истакната пропишаната ознака на видот и категоријата на угостителскиот објект, при што при огласувањето и рекламирањето на своите услуги угостителот мора да ја употребува само оваа ознака на видот и категоријата на објектот.

Член 33

Решението за утврдување на категоријата на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

Решението од став 1 на овој член се чува во секој објект за кој е утврдена категоријата.

Доколку се извршат промени во пропишаните стандарди за категоријата на угостителскиот објект утврдена за уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите, угостителот е должен да поднесе барање за нова категоризација во рок од осум дена од денот на промената на пропишаните стандарди (услови) за категоријата на угостителскиот објект.

Доколку угостителот не постапи според постапката утврдена во став 3 од овој член, решението за категорија се смета за ништовно.

Промената на категоријата на угостителскиот објект се врши на начин и по постапка пропишани за утврдување на категоријата на угостителскиот објект.

Комисијата врз основа на барање или пријава, може да изврши увид и да утврди дали угостителскиот објект ги исполнува стандардите за кои со решение му е определена одредена категорија, пред истекот на рокот од став 1 на овој член. Доколку Комисијата утврди дека угостителскиот објект отстапува од стандардите врз основа на кои му е определена категорија, ќе издаде ново решение за категоризација во соодветна категорија за која ги исполнува стандардите.

## IV. ДОЛЖНОСТИ НА УГОСТИТЕЛОТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Член 34

Угостителот за секој угостителски објект мора да определи одговорно лице (директор, управник, шеф и сл.) на угостителскиот објект.

Одговорното лице, покрај исполнувањето на општите услови за заснивање на работниот однос, утврдени со закон, мора да има и најмалку средна стручна подготовка.

Одговорното лице во угостителскиот објект за сместување кој е категоризиран со четири, пет ѕвездички и де лукс категорија како и одговорното лице во угостителскиот објект за исхрана категоризиран со четири ѕвездички, треба да има високо образование.

По исклучок од одредбите од став 1 на овој член угостителот може да има едно одговорно лице и за повеќе угостителски објекти за сместување (повеќе видови угостителски објекти).

Ако угостителот лично го води работењето на угостителскиот објект мора да ги исполнува условите пропишани за одговорно лице.

Одговорното лице е надлежно за работењето на угостителскиот објект во согласност со овој закон.

Член 35

Угостителот е должен:

1) да ги одржува просториите и опремата и дава услуги во угостителскиот објект според пропишаните минимално-технички услови, како и условите за категоризација за видовите објекти за кои е предвидена категоризација утврдена со решение на Комисијата за категоризација;

2) да ги истакне цените на сместување, пансион и полупансион во собите и овозможи увид во цените на тие услуги на корисниците на услугите, на рецепцијата, како и да ги истакне цените на храната, пијалоците и напитоците на вообичаените ценовници и во доволно примероци, достапни на корисниците на услугите во секое време;

3) на видно место на влезот на угостителскиот објект – ноќен бар и кабаре на табла со димензии 20 x 50 см да истакне натпис со содржина: “лица со возраст под 18 години немаат право на посета”.

Угостителите се должни да ја утврдат возраста на лицата пред нивното влегување во објектот.

4) да се придржува на истакнатите цени;

5) да поседуваат документи за набавени производи (фактури, сметки, испратници и слично);

6) за секоја дадена услуга да издаде сметка со спецификација на услугите од фискална каса;

7) на видно место на влезот на угостителскиот објект да го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат;

8) да ги утврди нормативите на храна и пијалоци кои ги послужува, како и да им овозможи на корисниците увид во тие нормативи;

9) да ги достави нормативите за храна на заверка на градоначалникот на општината, а во Градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на Град Скопје и угостителските услуги да ги пружа во соодветна количина и квалитет според утврдените нормативи од ставот 1 точка 5 на овој член;

10) да води книга на гостите во угостителскиот објект за сместување;

11) да го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување;

12) во угостителските објекти за сместување да дава угостителски услуги вклучени во туристички пакет аранжмани преку организатори на патувања или посредници, односно туристички агенции;

13) на видно место во угостителскиот објект, или во менито, да го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат и

14) во сите пропагандни материјали да ги означи видот и категоријата на објектот која е утврдена со решение на Комисијата за категоризација.

Член 36

Во угостителските објекти е забранета продажба и нудење на продажба, како и уживање на супстанции или препарати што се прогласени за опојни droги или психотропни супстанци.

Член 37

Во угостителските објекти е забрането послужување на алкохолни пијалоци на лица под 18 години и послужување на алкохолни пијалоци од страна на малолетни лица.

Угостителите се должни на видно место во угостителскиот објект да истакнат натпис со содржина “лица со возраст под 18 години не се послужуваат со алкохолни пијалоци”, на табла со димензии 20 х 50 см.

Угостителите се должни да ја утврдат возраста на лицето од ставот 1 на овој член врз основа на соодветна исправа.

Член 38

Во сите угостителски објекти е забрането послужување на алкохолни пијалоци од почетокот на работното време од 07,00 до 10,00 часот.

Во угостителските објекти за брза храна (сендвичари) забранета е продажба и послужување на алкохолни пијалоци, како и да пуштаат музика после 24,00 часот.

Член 39

Вршителите на угостителската дејност можат да вршат и други дејности со кои се надополнува вршењето на угостителската дејност и се придонесува за подобро користење на угостителските капацитети и остварување на поголем

промет доколку ги исполнуваат пропишаните услови од страна на органите на управа надлежни за вршење на овие дејности.

## V. ДАВАЊЕ ДРУГИ УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ И УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 40

Физичките лица од член 4 став 2 на овој закон може да даваат:

- конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти;
- услуги на кампирање;
- угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи;
- угостителски услуги во апартмани и соби за одмор;
- угостителски услуги во селски домаќинства; и
- угостителски услуги во пловни објекти.

### 1. Давање на конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти

Член 41

Конфекционирани угостителски услуги може да се даваат во подвижни објекти (во натамошниот текст: објекти) на сопствен погон или влечно, доколку ги исполнуваат минимално-техничките услови и другите услови пропишани со закон.

Давањето на угостителски услуги од став 1 на овој член може да се врши на места определени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје на: саеми, панаѓури и други манифестации.

Во објектот од став 1 на овој член може да се продаваат и/или шалтерски да се послужуваат јадења во конфекционирана состојба (претходно подготвени во деловната просторија и запакувани), безалкохолни пијалоци, напитоци и фабрички произведен и спакуван сладолед во согласност со пропишаните санитарно-здравствени услови.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува минимално-техничките услови на објектите за вршење на угостителски услуги од став 1 на овој член и начинот на давање на истите.

### 2. Кампирање

Член 42

Кампирање е престој на лица под шатори, во камп куќички, камп приколки и друга соодветна опрема за сместување на отворен простор – земјиште чија намена, со цел кампирање, ја утврдуваат со свој акт советот на општината, а за градот Скопје советот на Градот Скопје.

Кампирањето може да се врши само во организирани кампови.

Организирани кампови се камповите кои ги исполнуваат минимално-техничките услови за вршење на угостителска дејност во кампови и условите за категоризација (категоризирани кампови).

Член 43

Не е дозволено поставување на шатори, камп куќички, камп-приколки и друга опрема за кампирање надвор од кампот.

Член 44

По исклучок од член 42 на овој закон може да се кампира и на земјиште кое е привремено одредено за кампирање.

Земјиштето од став 1 на овој член го определува советот на општината, а за градот Скопје, советот на Градот Скопје.

Во актот со кој се одредува земјиштето за привремено кампирање, се одредува организаторот на кампирање, времето за кое земјиштето може да се користи за кампирање и минимално-техничките услови кои мора да бидат исполнети.

Член 45

Кампот мора да има утврден куќен ред.

На влезот од кампот или на друго за тоа соодветно место мора да биде поставен план - шема на кампот, истакнат ценовник за користење на просторот за кампирање, категорија на кампот, како и други услуги што ги дава кампот.

**3. Давање на угостителски услуги во куќи, апартмани и соби за одмор**

Член 46

Под условите утврдени со овој закон и други прописи, физичкото лице може да:

1. изнајмува куќи, апартмани и соби за одмор чиј сопственик е носител на правото на користење, и тоа најмногу до 10 соби, односно 20 легла при што во еден објект под заеднички покрив може да се издаде само едно одобрение;

2. организира камп на своето земјиште најмногу за 10 сместувачки единици, односно за 30 гости истовремено;

3. дава услуги на појадок само на корисниците на собите.

Член 47

За давање на угостителски услуги од физички лица во објектите од член 46 на овој закон мора да ги исполнуваат минимално-техничките услови и условите за категоризација во смисла на член 27 став 1 на овој закон.

Категоризацијата на објектите од член 27 став 2 на овој закон ја врши градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на Градот Скопје.

Член 48

Физичкото лице ги издава собите, апартманите, куќите и становите за одмор преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор.

Член 49

Договорот од член 48 од овој закон содржи:

1. име и презиме на физичкото лице и ЕМБ;

2. решение за упис во регистарот;
3. место, улица и број на објектот во кој се даваат услугите;
4. видот на услугите и бројот на гости на кои може да им се дадат услугите;
5. категорија на објектот во кој се даваат услугите;
6. износот на посредничката провизија и
7. обврска на физичкото лице е да се придржува кон одредбите од член 47 и 51 на овој закон.

Член 50

Договорот од член 49 на овој закон престанува да важи со неговото раскинување.

Туристичката агенција и туристичкото биро кое е основано од правните лица, раскинувањето на договорот од став 1 на овој член ќе го достави до подрачната единица на Управата за јавни приходи, финансиската полиција, санитарната инспекција, државниот пазарен инспектор, во зависност од седиштето на објектот.

Туристичкото биро кое е основано од градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на градот Скопје, раскинувањето на договорот од став 1 на овој член ќе го достави до подрачната единица на Управата за јавни приходи, финансиската полиција, санитарната инспекција, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на градот Скопје и државниот пазарен инспектор, во зависност од седиштето на објектот.

Член 51

Физичките лица кои даваат услуги врз основа на членот 46 од овој закон се должни:

1. на видно место да ги истакнат пропишаниот вид и категоријата на објектот утврдена со решение од надлежниот орган;

2. на видно место на влезот на објектот да го истакнат називот на услугите кои ги дава со пропишаните ознаки;

3. во просторијата во која се вршат услугите на видно место да ги истакнат цените на услугите за сместување, на пропишан и вообичаен начин, и да се придржуваат кон истакнатите цени;

4. да му издадат на гостинот сметка со назначен вид, количина и цена на дадените услуги (за секоја дадена услуга поединечно), а при давање услуги за сместување да се наведе во сметката и износот на цената за престој;

5. да водат книга за евиденција на гостите;

6. на видно место во објектот да го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ја пропишува формата и содржината на образецот на книгата за евиденција на гостите.

Член 52

При давање услуги врз основа на член 46 од овој закон, на физичките лица можат да им помагаат членови на нивното домаќинство.

Физичките лица и члeновите на нивното домаќинство мора да ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството.

**4. Угостителски услуги во селски домаќинства**

Член 53

Во селските домаќинства се даваат услуги на издавање на соби и апартмани, чиј сопственик или носител на правото на користење е член на селското домаќинство, и тоа најмногу до 10 соби, односно 20 легла.

Услугите од став 1 на овој член може да се издаваат доколку се исполнети условите од член 6 од овој закон.

Освен услугите од став 1 на овој член во селските домаќинства може да се подготвуваат и послужуваат топли и ладни јадења, пијалоци и напитоци главно од сопствено производство најмногу за 50 лица (излетници) истовремено.

Во селските домаќинства може да се даваат услуги на дегустација на вино или ракија, како и служење на храна од домашно производство во уреден дел од станбен или деловен објект, во затворен, покриен со настрешница или отворен простор, најмногу за 50 лица (излетници) истовремено.

Заради подобрување на квалитетот на угостителската понуда, во селските домаќинства излетниците (лицата кои престојуваат во селските домаќинства) може да подготвуваат јадења, пијалоци и напитоци за свои потреби.

За давањето на услуги во селските домаќинства се применуваат одредбите од член 46 до 52 на овој закон.

**5. Угостителски услуги на пловни објекти**

Член 54

Угостителите и физичките лица од член 4 на овој закон можат под услови утврдени со овој закон и други прописи да даваат услуги на исхрана и служење на пијалоци и напитоци на пловни објекти.

Услугите од став 1 на овој член можат да се даваат доколку се исполнети условите од член 6 на овој закон.

Физичките лица можат услугите од став 1 на овој член да ги даваат најмногу за 20 гости истовремено.

Услугите од став 1 на овој член физичките лица не смеат да ги даваат во сидриште и пристаниште, како и кога пловниот објект кружи надвор од пристаништето и сидриштето, на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект поради превоз.

**VI. ДАВАЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ НА НУДИСТИ**

Член 55

Угостителски услуги на нудисти може да се даваат во угостителските објекти и кампови.

Услугите од став 1 на овој член можат да се даваат доколку се исполнети условите од член 6 на овој закон.

На влезот на угостителскиот објект, односно кампот во кој се даваат угостителски услуги на нудисти, покрај називот на објектот се става и ознака дека во тој објект се даваат угостителски услуги на нудисти.

Просторот околу угостителските објекти и кампови во кои се даваат угостителските услуги на нудисти треба да биде ограден.

## VII. НАДЗОР

Член 56

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Надзорот над спроведувањето на одредбите со кои се утврдени надлежности на другите органи на државната управа ги вршат тие органи во рамките на нивните надлежности утврдени со закон.

Надзор над законитоста на работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на општината на подрачјето на град Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје во врска со надлежностите утврдени со овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 57

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат и другите инспекциски органи согласно со овластувањата утврдени со овој и со друг закон.

Член 57-а

Во постапката за инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Член 58

Работите на инспекцискиот надзор на вршителите на угостителската дејност од мал обем регистрирани во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје вршат овластените инспектори на општината, а во градот Скопје овластени инспектори на градот Скопје, како што се давањето на:

1. конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти;
2. услуги на кампирање;
3. угостителски услуги за кампирање;
4. угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи;
5. угостителски услуги во апартмани и соби за одмор;
6. угостителски услуги во селски домаќинства и
7. угостителски услуги во пловни објекти.

Овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје можат да вршат и други работи утврдени со закон и со пропис.

Член 59

Доколку при вршењето на инспекциски надзор, државниот пазарен инспектор односно овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од членот 67-а, членот 68 и член 69 точка 6 од овој закон државниот пазарен инспектор односно овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 8 дена и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата односно Градоначалникот на општината и Градоначалникот на Градот Скопје.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат односно органот на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку државниот пазарен инспектор односно овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку државниот пазарен инспектор односно овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазарен инспекторат односно органот на државната управа кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата односно Градоначалникот на општината и Градоначалникот на Градот Скопје.

Член 60

Ако државниот пазарен инспектор односно овластениот инспектор при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека угостителот :

1) угостителската дејност ја врши без упис во трговскиот регистар ( член 4 став 1)

2) во угостителските објекти врши послужување на алкохолни пијалоци на лица помлади од 18 години и врши служење на алкохолни пијалоци од страна на малолетни лица ( член 37 став 1 )

3) угостителска дејност се врши во угостителски објекти ноќен бар, кабаре и диско клуб без лиценца (член 20 став 1)

4) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

5) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2);

6) организира камп и дава услуги спротивно на членот 46 став 1 точка 2 на овој закон;

7) дава услуги на појадок спротивно на членот 46 став 1 точка 3;

8) објектите за давање на угостителските услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови од член 47 став 1 на овој закон.

9) на видно место не го истакне називот на услугите кои ги дава од членот 51 став 1 точка 2 на овој закон;

10) давањето на угостителските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор го врши спротивно на член 51 на овој закон и

11) на видно место не го истакне видот и категоријата на објектот (член 51 став 1 точка 1);

12) членот на домаќинството или лицата што им помагаат на членовите на домаќинството не ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството во смисла на членот 52 став 2 на овој закон;

13) дава услуги во пловни објекти за повеќе од 20 гости истовремено и дава услуги во сидришта и пристаништа како и кога пловниот објект кружи надвор од сидриштето и пристаништето на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект заради превоз (член 54 став 3);

14) угостителските услуги во селските домаќинства ги врши спротивно на член 53 став 1 и 2 на овој закон;

15) врши кампирање спротивно на одредбите од член 42, 43 и 44 на овој закон;

16) објектите во кои се даваат конфекционирани угостителски услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови и другите услови пропишани со закон (член 41 став1);

17) конфекционираните угостителски услуги се вршат на места кои не се одобрени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје (член 41 став 2);

18) покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења (член 41став 3);

За дејствијата од став 1 точка 1, 2 и 3 од овој член ќе донесе решение за привремена забрана на вршење на дејноста во траење од 30 дена.

Доколку угостителот не постапи по укажувањето од член 1 од овој закон, за дејствијата од став 1 точка 4 ќе донесе решение за привремена забрана во траење од 30 дена

За дејствието од став 1 точка 5, ако угостителот го пречекорува работното време до половина час ќе донесе решение за привремена забрана за вршење на дејност во таење од 10 дена.

Ако пречекорувањето на работното време е од половина час до еден час ќе се донесе решение за привремена забрана за вршење на дејност во траење од 20 дена.

Ако пречекорувањето на работното време е над еден час ќе се донесе решение за привремена забрана за вршење на дејност во таење од 30 дена.

Доколку угостителот не постапи по укажувањето од член 1 од овој закон, за дејствијата од став 1 точка 6,7,8,9,10,11,12,13,14,15 ќе донесе решение за привремена забрана во траење од 30 дена

Против решението на државниот пазарен инспектор од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби формирана согласно Законот за државен пазарен инспекторат.

Против решението на овластениот инспектор на општината односно на градот Скопје од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби формирана согласно Законот за инспекциски надзор.

Жалбата изјавена против решението на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Член 61

За инспектор на општината и на Градот Скопје може да се овласти лице кое ги исполнува следните услови:

1. да е државјанин на Република Македонија;

2. да има високо стручно образование од економска, правна или туристичко угостителска струка и најмалку две години работно искуство.

Инспекторот од став 1 на овој член има легитимација. Содржината и формата на легитимацијата на инспекторот ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 62

Надзор над работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на срадот Скопје, како и на советот и градоначалникот на срадот Скопје, се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварување на нивните надлежности.

При вршењето на надзорот над работата на советот и градоначалникот на општината, а во срадот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на срадот Скопје, како и на советот и градоначалникот на срадот Скопје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на угостителството ги врши следните работи:

1. ја следи законитоста на работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите во согласност со закон;

2. оценува дали советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје обезбедуваат

вршењето на работата од нивната надлежност да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон;

3. им укажува на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје на пречекорувањата на нивните надлежности утврдени со закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на ваквата состојба;

4. укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон, а кои се од јавен интерес од локално значење;

5. дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје кои треба да ги вршат во рамките на законот, а на нивно барање;

6. го следи навременото донесување на прописите утврдени со овој закон на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје;

7. поднесува иницијативи и предлози до советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје, доколку констатира неспроведување на закон како резултат на судир на надлежности меѓу органите на општината;

8. ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на управни работи за права, обврски и интереси на физичките и правните лица донесени врз основа на овој закон и презема мерки по овластување со законот;

9. навремено ги известува органите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и советот и градоначалникот на градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

За преземените мерки и активности од ставот 2 точките 6 и 8 на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството го информира советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и советот и градоначалникот на градот Скопје.

Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и советот и градоначалникот на градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите од став 2 на овој член, по сила на закон им се одзема или ограничува вршењето на соодветната надлежност. Вршењето на одземените работи го презема органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, вршењето на одземените работи од надлежност на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на советот и градоначалникот на градот Скопје ги врши во име и за сметка на општината и на градот Скопје.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 67-а

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршок на физичкото лице ако :

1) дејноста ја врши без да е запишан во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 4 став 2);

2) врши кампирање спротивно на одредбите од член 42, 43 и 44 на овој закон;

3) кампот нема утврден куќен ред (член 45 став 1);

4) давањето на собите, апартманите, куќите и становите за одмор не го врши преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор (член 48);

5) давањето на угостителските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор го врши спротивно на член 51 на овој закон и

6) угостителските услуги во селските домаќинства ги врши спротивно на член 53 став 1 и 2 на овој закон;

7) изнајмува соби, апартмани, куќи за одмор спротивно на членот 46 став 1 точка 1 на овој закон;

8) организира камп и дава услуги спротивно на членот 46 став 1 точка 2 на овој закон;

9) дава услуги на појадок спротивно на членот 46 став 1 точка 3;

10) на видно место не го истакне видот и категоријата на објектот (член 51 став 1 точка 1);

11) членот на домаќинството или лицата што им помагаат на членовите на домаќинството не ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството во смисла на членот 52 став 2 на овој закон;

12) дава услуги во сидришта и пристаништа, како и кога пловниот објект кружи надвор од сидриштето и пристаништето на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект заради превоз (член 54 став 4);

13) на видно место не го истакне називот на услугите кои ги дава од членот 51 став 1 точка 2 на овој закон;

14) не води книга на евиденција на гостите (член 51 став 1 точка 5);

15) дава услуги во пловни објекти за повеќе од 20 гости истовремено (член 54 став 3);

16) објектите во кои се даваат конфекционирани угостителски услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови и другите услови пропишани со закон (член 41 став1);

17) конфекционираните угостителски услуги се вршат на места кои не се одобрени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје (член 41 став 2);

18) покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења (член 41став 3);

19) објектите за давање на угостителските услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови од член 47 став 1 на овој закон.

Овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, за прекршоците од став 1 на овој член, е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од став 1 на овој член, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, за прекршоците поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

Член 68

Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршок на правното лице, ако:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од член 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени (член 7 став 2);

3) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 35 став 1 точка 7);

4) нема доказ за извршената промена на категоријата на угостителскиот објект во смисла на членот 33 став 3 од овој закон.

5) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот (член 26 став 1);

6) не истакне на видно место пропишана ознака на видот и категоријата на угостителскиот објект (член 32 став 2);

7) не истакне на видно место на влезот на угостителскиот објект - ноќен бар и кабаре, табла со димензии 20 х 50 см со содржина “лица со возраст под 18 години немаат право на посета “( член 35 став 1 точка 3);

8) на видно место во угостителскиот објект или во менито не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат (член 35 став 1 точка 12);

9 во сите пропагандни материјали не ги означи видот и категоријата на објектот (член 35 став точка 14);

10) не го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 10).

11) се поставаат шатори, камп куќички, камп приколки и друга опрема за кампирање надвор од кампот (член 43);

12) на влезот на кампот или на друго за тоа соодветно место не постави план-шема на кампот, не истакне ценовник за користење на просторот за кампирање, категорија на кампот како и други услуги што ги дава кампот (член 45 став 2);

13) не ги истакне цените согласно со членот 35 став 1 точка 2 од овој закон

14) не го пропише и истакне кукниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 9)

15) на видно место во угостителскиот објект или во менито да го истакне телефонскиот апарат на ДПИ (член 35 став 1 точка 13)

16) не истакне на видно место во угостителскиот објект натпис со содржина “лица со возраст под 18 години не се послужуваат со алкохолни пијалоци“ (член 37 став 2 )

17) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои може да се користат (член 35 став 1 точка 7)

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба на самото место во износ од 100 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба на самото место во износ од 200 евра во денарска противвредност на трговец поединец.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од став 1 на овој член, е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија .

Член 68-а

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, за дејствијата од членот 68 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од членот 68 став 1 од овој закон .

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговецот поединец за дејствијата од членот 68 став 1 од овој закон .

Глобата од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се плаќа во случаи кога сторителот на прекршокот на кого му е дадена покана за плаќање на глобата на самото место, во рок од осум дена не ја плати изречената глоба.

Член 69

Глоба во износ од 1200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) угостителската дејност се врши без да се исполнети пропишаните минимално-технички услови, санитарно-хигиенски и здравствени услови, условите за заштита при работа, заштита и унапредување на животна средина, противпожарната заштита и условите за заштита од бучава (член 6 ставови 1 и 2);

2) угостителската дејност се врши во деловни објекти или простори каде се врши друга дејност без да се исполнети пропишаните услови за обавување на друга дејност (член 12 став 2);

3) започне со работа во угостителскиот објект без добиена категорија (член 32 став 1);

4) не ги утврди нормативите за храна и пијалаци кои ги послужува и не им овозможи на корисниците увид во тие нормативи (член 35 став 1 точка 8);

5) не ги дава угостителските услуги вклучени во туристичкиот пакет аранжман во угостителските објекти за сместување преку организаторите на патување или посредниците, односно туристичките агенции (член 35 став 1 точка 12);

6) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

7) организира и врши кампирање спротивно на членот 42 ставови 1 и 2 на овој закон

8) кампот нема утврден кукен ред (член 45 став 1)

9) послужува алкохолни пијалоци од 07,00 до 10,00 часот (член 38 став1)

10)не ги одржува просториите и опремата и не дава услуги во угостителскиот објект според пропишаните минимално техничките услови како и условите на категоризација за видовите објекти за кои е предвидена категоризација (член 35 став 1 точка 1)

11) не води книга на гостите во угостителскиот објект за сместување (член 35 став 1 точка 9)

12) привремено кампирање се врши на земјиште кое не е одредено од Советот на општината а во градот Скопје од Советот на градот Скопје (член 44 став 2)

13) не се придржува на истакнатите цени (член 35 став 1 точка 4)

14) не поседува документи за набавените производи (фактури, сметки испратници и слично член 35 став 1 точка 5

15) за секоја дадена услуга не издава сметка со спецификација на услугите од фискална каса (член 35 став 1 точка 6)

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 450 евра во денарска противвредност на трговец поединец.

За прекршоците утврдени во овој член, Државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до Прекршочната комисија.

Член 70

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) угостителската дејност се врши без упис во трговскиот регистар (член 4 став 1);

2) угостителска дејност се врши во угостителски објекти ноќен бар, кабаре и диско клуб без лиценца (член 20 став 1);

3) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2);

4) ја пренесе лиценцата (член 22 став 2) и

5) послужува алкохол и алкохолни пијалаци на лица под 18 години (член 37 став 1).

6) продава и послужува храна и алкохолни пијалоци и пушта музика после 24,00 часот (член 38 став 2);

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

За прекршоците утврдени во овој член државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.

Член 70-а

Прекршочна постапка по прекршоците предвидени во овој закон не може да се поведе, ниту да се води, ако поминат 18 месеци од денот кога е сторен прекршокот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член ??

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон

Член ??

Одредбите од член 3 од овој закон со кој се додаваат два нови члена 21-а и 21-б, член 5 од овој закон со кој додава нов член 22-а и член 7 од овој закон со кој се менува ставот 6 од член 28, ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Одредбите од членовите 12 и 13 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето со примената на Законот за инспекциски надзор.